АГЕНЦИЈА ЗА СУПЕРВИЗИЈА НА ОСИГУРУВАЊЕ
AGJENCIA E MBIKËQYRJES SË SIGURIMEVE

тел/tel: 02 3254 050
факс/faks: 02 3290 240
адреса/adresa: ул.Македонија 66,
Палата Лазар Поп Трајков 5-ти кат,
1000 Скопје,
Република Северна Македонија/
rr.Makedonija Pa Nr
Pallati Llazar Pop Trajkov, kati i 5-të
1000 Shkup,
Republika e Maqedonisë së Veriut
e-email: contact@aso.mk
www.aso.mk

АГЕНЦИЈА ЗА СУПЕРВИЗИЈА НА ОСИГУРУВАЊЕ
AGJENCIA E MBIKËQYRJES SË SIGURIMEVE
Бр.-Nr. 03-353/1
26.05 2020 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

Архивски знак: / Shenjë arkivore: 03-02
Рок на чување: / Afati i ruajtjes: 1 год
26.05.2020 година / viti
Потпис / Nënshkrimi

До: Друштвата за осигурување

Предмет: Појаснување во врска со примената на одредбите од Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за методот за вреднување на ставките од билансот на состојба и изготвување на деловните биланси, објавен во „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 107 на 22.4.2020 година

Почитувани,

Агенцијата за супервизија на осигурување, по иницијатива на друштвата, донесе сет на акти со кои делумно ја измени регулативата за осигурување, за определен период.

Ваквите измени, во пакет со други мерки, беа донесени со цел да се олесни работењето и да се ублажат последиците врз работењето на друштвата за осигурување од здравствената криза. Со ова, Агенцијата за супервизија на осигурување одговори во најбрз можен рок, согласно нејзините надлежности во делот на супервизијата, изрекувањето мерки на супервизија и носењето на подзаконски акти во нејзина надлежност.

Уште еднаш потенцираме, дека едно од заедничките барања на друштвата за осигурување беше да се изменат правилата за класификација и вреднување на доспеаните побарувања по основ на премија, во смисла да се овозможи при класификацијата на побарувањата во категории во зависност од времето на доцнење во исполнување на обврските од страна на должникот, сметано од денот на доспевање на побарувањето, да се применат подолги временски периоди со цел да се намали трошокот кој е извесно дека ќе настане до крајот на 2020 година поради повисоките исправки на вредност на побарувањата, поради доцнења на должниците на друштвата за осигурување, во споредба на трошоците кои друштвата за осигурување ги имаа во услови пред појава на кризата.

За таа цел, на седница одржана на 14.4.2020 г., Советот на експерти на Агенцијата за супервизија на осигурување донесе Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за методот за вреднување на ставките од билансот на состојба и изготвување на деловните биланси, и истиот се објави

АГЕНЦИЈА ЗА
СУПЕРВИЗИЈА НА
ОСИГУРУВАЊЕ
AGJENCIA E
MBIKËQYRJES
SË SIGURIMEVE

тел/tel: 02 3254 050
факс/faks: 02 3290 240
адреса/adresa: ул.Македонија 6б,
Палата Лазар Поп Трајков 5-ти кат,
1000 Скопје,
Република Северна Македонија/
rr.Makedonija Pa Nr
Pallati Llazar Pop Trajkov, kati i 5-të
1000 Shkup,
Republika e Maqedonisë së Veriut
e-email: contact@aso.mk
www.aso.mk

во „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 107 на 22.4.2020 година.

Правилникот предвидува почетокот на примена на новите барања да биде при изготвувањето на извештајот за спроведување на овој правилник со состојба на 30 јуни 2020 година, а одредбите да се применуваат заклучно со 31.12.2020 година.

Потенцираме дека, во овој период, за ова прашање, не е предвидена можност друштвата за осигурување да одберат начин на класификација на побарувањата во категории во зависност од времето на доцнење во исполнување на обврските од страна на должникот, сметано од денот на доспевање на побарувањето, различен од определениот во членот 1 од Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за методот за вреднување на ставките од билансот на состојба и изготвување на деловните биланси („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 107/20). Односно, начинот на класификација на побарувањата во категории во зависност од времето на доцнење во исполнување на обврските од страна на должникот, сметано од денот на доспевање на побарувањето задолжително треба да биде во рамки на минималниот и максималниот процент на исправка на вредност утврден со табелата дадена во ставот 2 на членот 1 од Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за методот за вреднување на ставките од билансот на состојба и изготвување на деловните биланси.

Ова прашање го појаснуваме поради добиени прашања од некои друштва за осигурување, кои предлагаат друштвата за осигурување сами да одлучуваат во зависност од нивната финансиска состојба во текот на следните 9 месеци да избираат која табела за класификација на побарувањата ќе ја применуваат. Сепак, заради потребата од споредливост меѓу друштвата за осигурување, во овој период, Агенцијата за супервизија на осигурување укажува дека таква можност не постои.

При изготвувањето на Извештаите за вреднување на ставки од билансот на состојба на обрасците ВС-1(н.о), ВС-1(ж.о) и ВС-2, за вториот, третиот и четвртиот квартал од 2020 година, друштвата за осигурување ќе треба да се придржуваат стриктно кон барањата за класификација на побарувањата во категории во зависност од времето на доцнење во исполнување на обврските од страна на должникот, сметано од денот на доспевање на побарувањето, утврдени во членот 1 од Правилникот за изменување и дополнување на

АГЕНЦИЈА ЗА СУПЕРВИЗИЈА НА ОСИГУРУВАЊЕ
AGJENCIA E MBIKËQYRJES SË SIGURIMEVE

тел/tel: 02 3254 050
факс/faks: 02 3290 240
адреса/adresa: ул.Македонија бб,
Палата Лазар Поп Трајков 5-ти кат,
1000 Скопје,
Република Северна Македонија/
rr.Makedonija Pa Nr
Pallati Llazar Pop Trajkov, kati i 5-të
1000 Shkup,
Republika e Maqedonisë së Veriut
e-email: contact@aso.mk
www.aso.mk

Правилникот за методот за вреднување на ставките од билансот на состојба и изготвување на деловните биланси („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 107/20).

При поднесувањето на извештаите за вреднување на ставки од билансот на состојба за овие пресметковни периоди, друштвата за осигурување ќе треба да ги прикачуваат изменетите Excel обрасци во Декларација во информатичкиот систем за известување на Агенцијата – АСО СИС, како и на е-адреса на Агенцијата: izvestai@aso.mk.

Одредбите од членот 1 од Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за методот за вреднување на ставките од билансот на состојба и изготвување на деловните биланси („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 107/20) престануваат да бидат во примена по 31.12.2020 година.

По овој датум, друштвата за осигурување ќе треба да продолжат да ги класифицираат побарувањата во категории во зависност од времето на доцнење во исполнување на обврските од страна на должникот, сметано од денот на доспевање на побарувањето, на начин како што тоа го правеле пред влегувањето во сила на измените, односно да ги применуваат одредбите од членот 7 ставови (1) и (2) од Правилникот за методот за вреднување на ставките од билансот на состојба и изготвување на деловните биланси („Службен весник на Република Македонија“ бр. 169/10, 141/13 и 61/16).

Со почит,

Претседател на Советот на експерти,
Крсте Шајноски